**ИЗВОД**
**ОДУ бр.503/25**

**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**Методија Ристоски**
за подрачјето на Основните судови на град Скопје
ул. “Луј Пастер” бр.23/003-кат ПР Скопје
Во Скопје, на 30.05.2025 година, во 12:00 часот

---------------------------------------------**НОТАРСКИ АКТ**---------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јас, **Нотар Методија Ристоски**, од Скопје, со службено седиште на ул.“Луј Пастер“ бр.23/003-кат ПР, за подрачјето на основните судови на градот Скопје, потврдувам дека на ден 30.05.2025 година, на барање за присуство на собрание и водење на записник, присуствував на седницата на собрание на **Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво-Скопје, со седиште на ул.„Јадранска Магистрала“ бр.56 Скопје-Карпош, со ЕМБС 4058755, ЕДБ 4030972262065**, со почеток во 12:00 часот, кое се одржа во регистрираните деловни простории на Друштвото, на ул.„Јадранска Магистрала“ бр.56, Скопје-Карпош, при што согласно членот 92 од Законот за нотаријатот и член 407, а во врска со член 383 од Законот за трговски друштва, го составив следниот:-----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------**З А П И С Н И К**-------------------------------------------
--------**за текот на Собранието на Акционерите на ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје**---------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:--------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**1)** Тековна состојба на правното лице Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво-Скопје, издадена под број 0805-50/150020250209046 на ден 30.05.2025 година од Централниот регистар на Република Северна Македонија како електронски издаден документ (**Прилог А**)--------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**2)** Акционерска книга на Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво-Скопје, издадена во електронска форма од Централниот депозитар за хартии од вредност од 30.05.2025 година (**Прилог Б**), според која Друштвото има вкупен број на хартии од вредност (обични акции) 22.000, со номинална вредност по хартија од 51.13 ЕУР, со вкупен номинален капитал од 1.124.860 ЕУР, со вкупен број на гласови од 22.000, со број на иматели 34.---------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**3) Исечок од јавниот повик** за свикување на Собрание на акционерите на Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво-Скопје, кој беше уредно објавен во средствата за јавно информирање на ден 28.04.2025 година и тоа во дневниот весник ”Нова Македонија”, кој е (**Прилог В**) на овој Записник.------------------

**4)** Покана за водење на записник од собрание на акционери на Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво-Скопје до Нотар Методија Ристоски.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5)** Список на пријавени и верификувани акционери на собранието на Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво-Скопје одржано на 30.05.2025 година (**Прилог Г**) кој е составен дел на овој записник. Списокот на пријавени и верификувани акционери го содржи и Списокот на акционери кои гласале согласно член 400-а од ЗТД по пат на кореспонденција.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од Списокот на пријавени и верификувани акционери утврдив дека уредно се имаат пријавено 4 акционери со вкупен број на гласови 16.902 акции.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На Собранието присутни се 4 акционери – Кирил Филиповски, со 5798 обични акции, Блаже Филиповски, преку полномошник Александар Филиповски со 5130 обични акции со приложено Известување за постоење на кофликт на интереси од полномошникот и ролномошно за учество и гласање на годишното собрание, Марјан Филиповски, со 5798 обични акции и Бранко Зафиров, со 176 обични акции.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на горенаведеното утврдив дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на акционерското собрание ја отвори Бранко Зафиров, која ги поздрави присутните акционери, ги информираше акционерите дека согласно ЗТД Претседавач на собранието се бира за секоја седница, им посака успешна работа на присутните и ги објави податоците од верификациониот список.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Констатира дека на денешната седницата се присутни вкупно 4 акционери со 16.902 акции со право на глас што претставува 86.16% од акции со право на глас или 76.83 % од вкупниот број на акции, со што се исполнети законските претпоставки за одржување на денешната седница на собрание на акционери и полноправно одлучување.----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ги запозна присутните со предлогот за избор на Претседавач на Собрание и тоа за претседавач да биде избран Бранко Зафиров и предлогот го стави на гласање.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------
- 16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,---
- 0 гласови ПРОТИВ и ----------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,--------------------------------------------------------------------------------

за претседавач на денешното собрание беше избран Бранко Зафиров, односно.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа член 383 став 3 и член 395 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ" бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања) како и член 39 од Статутот на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.503/25**

**О Д Л У К А за избор на претседавач на седница на Собранието на акционери**

Член 1
За претседавач на Собранието на Технокомерц АД Скопје за седницата закажана за ден 30.05.2025 година, се избира Г-дин Бранко Зафиров. Мандатот на претседавачот од став 1 на овој член трае до изборот на претседавач на наредното собрание на Друштвото.
Член 2
Се констатира дека на денот на одржување на оваа седница престанува мандатот на претседавачот на Собранието на Технокомерц АД Скопје, Г-ѓа Ружица Филипоска, именувана со Одлука на Собранието бр. 02-284/2 од 30.05.2024 година, за претходната седница на Собранието.
Член 3
Оваа одлука претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на Акционерското друштво Технокомерц АД Скопје, одржана на ден 30.05.2025 година.
Член 4
Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавачот истакна дека согласно Законот за трговски друштва, Записникот го води Нотар, односно Записникот од оваа седница на ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје ќе го води Нотар Методија Ристоски од Скопје.------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека материјалите од точките на дневниот ред согласно член Статутот беа достапни на увид и разгледување на сите акционери, а согласно член 388-б од ЗТД беа објавени и на веб страницата на друштвото и на СЕИ НЕТ Апликацијата на Македонска берза АД Скопје, Согласно член 400 став 1 од ЗТД и Статутот на друштвото, гласањето по сите точки од дневниот ред е јавно.----------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека во законски предвидениот рок од 8 дена од денот на објавувањето во дневен весник не беа поднесени писмени барања за вклучување на нови точки во дневниот ред.--------------------------------------------------------------------------------------
Согласно гореспоменатото претседавачот констатира дека ќе се работи по предложениот:-
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**----------------------------------------------

**I. Процедурален дел:**-----------------------------------------------------------------------------------------

1. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници;----------------------------------------------------------------------------------------------
2. Избор на бројач на гласови (записникот ќе го води нотар);---------------------------------
3. Избор на претседавач на Собранието;---------------------------------------------------------
4. Усвојување на дневниот ред.---------------------------------------------------------------------

**II. Работен дел:**---------------------------------------------------------------------------------------------

1. Донесување Одлука за усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на Друштвото во деловната 2024 година;------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.503/25**

2. Донесување Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка, консолидирани финансиски и консолидиран годишен извештај за 2024 година;---------------
3. Донесување Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи (единечни и консолидирани);------------------------------------------------------------------------------------------
4. Донесување Одлука за распределба на добивката и исплата на дивиденда;-------------
5. Донесување Одлука за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори за 2024 година;------------------------------------------------------------------------------
6. Донесување Одлука за отповикување и разрешување на членови на Одбор на директори;------------------------------------------------------------------------------------------------
7. Донесување Одлука за избор на нови членови на Одбор на директори;-----------------
8. Донесување Одлука за именување овластен ревизор за 2025 година;--------------------
9. Донесување Одлука за измена на Статутот на Технокомерц ДОО Косово.-------------

Претседавачот на Собранието го стави на гласање дневниот ред и истиот беше усвоен едногласно по пат на јавно гласање.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По завршување на процедуралниот дел, Претседавачот на Собранието премина на работа со работниот дел од дневниот ред.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. По првата точка од работниот дел од дневниот ред** – Одлука за усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на Друштвото во деловната 2024 година, Претседавачот отвори дискусија.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се усвои Одлуката за усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на Друштвото во деловната 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------
- 16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, ---
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,--------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлуката за усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на Друштвото во деловната 2024 година беше усвоена, односно-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04... и сите негови измени и дополнувања) како и член 41 од Статутот на ВНТП Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето Друштвото во деловната 2024 година**

Член 1

Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на ВНТП Технокомерц АД Скопје во деловната 2024 година, со следниот остварен финансиски резултат:

1. Остварени приходи: 487.703.077,00 денари
2. Остварени расходи: 487.115.289,00 денари
3. Остварена добивка пред оданочување: 587.788,00 денари
4. Данок на непризнати расходи: /
5. Остварена добивка по оданочување: 587.788,00 денари

Член 2

Оваа одлука, заедно со годишна сметка, финансиските извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото за деловната 2024 година, претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на Технокомерц АД Скопје, одржана на ден 30.05.2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

**2. Се пристапи кон разгледување на втората точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка, консолидирани финансиски и консолидиран годишен извештај за 2024 година.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка, консолидирани финансиски и консолидиран годишен извештај за 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.-----------------------------------------

По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------

-16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, ----

- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------

- 0 гласови ВОЗДРЖАН,--------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлуката за усвојување на консолидирана годишна сметка, консолидирани финансиски и консолидиран годишен извештај за 2024 година; беше усвоена, односно------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања) како и член 41 од Статутот на ВНТП Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А за усвојување на консолидираната годишна сметка, финансиските извештаи и консолидираниот годишен извештај за работењето во деловната 2024 година**

Член 1

Се усвојува консолидираната годишна сметка, финансиски извештаи и консолидиран годишен извештај за работењето на ВНТП Технокомерц АД Скопје во деловната 2024 година, со следниот остварен финансиски резултат:
1. Остварени приходи: 484.201.781,00 денари
2. Остварени расходи: 491.352.890,00 денари
3. Остварена загуба: 7.151.109,00 денари

Член 2

Оваа одлука, заедно со консолидираната годишна сметка, финансиските извештаи и консолидираниот годишен извештај за работењето на Друштвото за деловната 2024 година, претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на Технокомерц АД Скопје, одржана на ден 30.05.2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**3. Се пристапи кон разгледување на третата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи (единечни и консолидирани).--
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи (единечни и консолидирани). Потоа се пристапи кон гласање.--------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------
- 16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, ---
- 0 гласови ПРОТИВ и -----------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за усвојување на ревидирани финансиски извештаи (единечни и консолидирани) беше усвоена, односно,-----------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања), како и член 94 од Статутот на ВНТП Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А за усвојување на Извештајот на независниот ревизор за извршената ревизија на единечните и консолидирани финансиските извештаи за деловната 2024 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот на независниот ревизор, изготвен од Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП ДОО Скопје, кој се однесува на извршената ревизија на финансиските единечни и консолидирани извештаи на Технокомерц АД Скопје за деловната 2024 година.

Член 2

Оваа одлука, заедно со извештајот од член 1, претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 30.05.2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4. Се пристапи кон разгледување на четвртата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за распределба на добивката и исплата на дивиденда.-------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за распределба на добивката и исплата на дивиденда. Потоа се пристапи кон гласање.-------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.503/25**

По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------
- 16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, ---
- 0 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,----------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за распределба на добивката и исплата на дивиденда беше усвоена, односно.------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 483 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања), како и член 41 од Статутот на ВНТП Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А за распределување на добивка остварена за 2024 година и исплата на дивиденда**

Член 1

Собранието на акционерите на Технокомерц АД Скопје, врз основа на усвоената годишна сметка и финансиските извештаи за 2024 година, утврдува дека друштвото остварило нето добивка во износ од 587.788,00 денари, и донесува одлука истата да се распредели за исплата на дивиденда.

Член 2

Со оваа одлука се утврдува обврска на Друштвото да исплати дивиденда во вкупен бруто износ од 980.850,00 денари, што претставува бруто износ од 50,00 денари за една обична акција. Исплатата на дивидендата ќе се изврши од нето добивката остварена во 2024 година, во износ од 587.788,00 денари, како и од акумулираната добивка од претходни години, во износ од 393.062,00 денари.

Член 3

Средствата за исплата на дивиденда за обични акции ќе се распределат во пари, согласно процентуалното учество на акционерите во основната главнина на Друштвото.

Член 4

Како датум на пресек за утврдување на идентитетот на акционерите кои имаат право на дивиденда, се утврдува 18.06.2025 година. Право на увид во утврдената листа на акционери кои имаат право на дивиденда, акционерите може да го остварат во седиштето на друштвото на денот на пресекот. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 16.06.2025 година, а прв ден на тргување без право на дивиденда е 17.06.2025 година. Исплатата на дивиденда ќе се изврши во законски предвидениот рок, најдоцна до 30.09.2025 година.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5. Се пристапи кон разгледување на петата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори за 2024 година.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за одобрување на работењето

на членовите на Одборот на директори за 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.----
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------
- 16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, ---
- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори за 2024 година беше усвоена, односно.------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ" бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања) и член 41 од Статутот на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А за одобрување на работењето на Друштвото од страна на членовите на Одборот на директори**

Член 1

Се одобрува работењето и управувањето со Друштвото од страна на Одборот на директори на Технокомерц АД Скопје за деловната 2024 година, согласно годишните извешта за работењето и финансиските резултати презентирани на седницата.

Член 2

Оваа одлука претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на акционери на Технокомерц АД Скопје, одржана на ден 30.05.2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6. Се пристапи кон разгледување на шестата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за отповикување и разрешување на членови на Одбор на директори.------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за отповикување и разрешување на членови на Одбор на директори. Потоа се пристапи се пристапи на поединечно гласање за секој член одделно.----------------------------------------------------------
Блаже Филиповски – вршител на функција Претседател на Одбор на директори, го ставам на гласање: --------------------------
Кој е : ЗА **16.902 гласа,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција----------------------------------------------------------------------------------
ПРОТИВ _______/_______
ВОЗДРЖАНИ _______/__
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Кирил Филиповски – вршител на функција Извршен член на Одбор на директори, го ставам на гласање: --------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.503/25**

Кој е : ЗА **16.902 гласа,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција------------------------------------------------------------------------------
ПРОТИВ ______/______
ВОЗДРЖАНИ _______/__

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Сандра Дракуловска – вршител на функција неизвршен член на Одбор на директори, го ставам на гласање: --------------------------
Кој е : ЗА **16.902 гласа,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција------------------------------------------------------------------------------
ПРОТИВ ______/______
ВОЗДРЖАНИ _______/__

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлука за отповикување и разрешување на членови на Одбор на директори беше усвоена, односно,-----------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на членовите 364 и 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања) и членовите 54 и 79 од Статутот на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А за отповикување и разрешување на членовите на Одборот на директори**

Член 1

По истекот на четиригодишниот период за кој биле именувани, согласно со Одлуката на Собранието на акционери бр. 02-391/10 од 27.05.2021 година, се отповикуваат и разрешуваат членовите на Одборот на директори на Технокомерц АД Скопје:
1. Блаже Филиповски, вршител на функција Претседател на Одбор на директори, со ЕМБГ 0404949450000, со адреса на живеење: ул. Салвадоре Аљенде бр. 73, Скопје;
2. Кирил Филиповски, вршител на функција Извршен член на Одбор на директори, со ЕМБГ 1504974450072, со адреса на живеење: ул. Георги Скрижевски бр. 11, Скопје.

Член 2

Собранието на акционери на Технокомерц АД Скопје ја разгледа и ја констатира оставката на:
- Сандра Дракуловска, вршител на функција неизвршен член на Одборот на директори, со ЕМБГ 1111979455070, со адреса на живеење: ул. Партизански одреди бр. 83/1-15, Скопје, со што се разрешува од функцијата, со денот на разгледување на оставката, односно на ден 30.05.2025 година.

Член 3

Се овластува Кирил Филиповски, извршен член на Одборот на директори на Технокомерц АД Скопје, или од него именуван полномошник, да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на отповиканите членови на Одборот на директори, согласно со член 1 и 2 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на акционери на Технокомерц АД Скопје, одржана на ден 30.05.2025 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

**7. Се пристапи кон разгледување на седмата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за избор на нови членови на Одбор на директори.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за избор на нови членови на Одбор на директори. Потоа се пристапи кон поединечно гласање за секој нов член на Одборот на директори.--------------------------------------------------------------------------

Александар Филиповски, го ставам на гласање: --------------------------------------------------

Кој е : ЗА **16.902 гласа,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција----------------------------------------------------------------------------------

ПРОТИВ ______/______

ВОЗДРЖАНИ _______/__

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Кирил Филиповски, го ставам на гласање: -----------------------------------------------------------

Кој е : ЗА **16.902 гласа,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција----------------------------------------------------------------------------------

ПРОТИВ ______/______

ВОЗДРЖАНИ _______/__

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Зоран Димоски, го ставам на гласање: ----------------------------------------------------------------

Кој е : ЗА **16.902 гласа,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција----------------------------------------------------------------------------------

ПРОТИВ ______/______

ВОЗДРЖАНИ _______/__

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлука за избор на нови членови на Одбор на директори беше усвоена, односно,---------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на членовите 344 и 345 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања) и членовите 56, 57 и 58 од Статутот на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А за избор на членовите на Одборот на директори**

Член 1

Собранието на акционери на Внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц АД Скопје, за период од четири години, ги избира следниве лица за членови на Одборот на директори:

1. Александар Филиповски, со ЕМБГ 1309983450061, со адреса на живеење: ул. Славејко Арсов бр. 104, Скопје;
2. Кирил Филиповски, со ЕМБГ 1504974450072, со адреса на живеење: ул. Георги Скрижевски бр. 11, Скопје;
3. Зоран Димоски, со ЕМБГ 1309978450126, со адреса на живеење: ул. АСНОМ 15 33, Скопје.

Член 2

Од лицата, избрани согласно со член 1 на оваа одлука, Собранието на акционери на Внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц АД Скопје, за неизвршен независен член на Одборот на директори, го избра лицето: Зоран Димоски.

Член 3

На првиот состанок на Одборот на директори, избран согласно со оваа одлука на Собранието на акционери, ќе се изберат извршниот член на Одборот на директори и претседателот на Одборот на директори, согласно со одредбите на Статутот на Друштвото и важечките законски прописи.

Член 4

Се овластува Кирил Филиповски, извршен член на Одборот на директори на Технокомерц АД Скопје, или од него именуван полномошник, да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на избраните членови на Одборот на директори, согласно со член 1 оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на акционери на Технокомерц АД Скопје, одржана на ден 30.05.2025 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**8. Се пристапи кон разгледување на осматата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за именување овластен ревизор за 2025 година.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за именување овластен ревизор за 2025 година. Потоа се пристапи кон гласање.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:----------------------------------------------------------------------

- 16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,---
- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-----------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлука за именување овластен ревизор за 2025 година беше усвоена, односно-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања) и член 95 од Статутот на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија и производство Технокомерц АД Скопје, Собранието на друштвото, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната:

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.503/25**

| |
|---|
| **О Д Л У К А за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка за 2025 година** |
| Член 1 |
| За овластен ревизор за ревизија на Годишните финансиски извештаи за работењето на ВНТП Технокомерц АД Скопје, за деловната 2025 година се назначува Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП ДОО Скопје. |
| Член 2 |
| Овластениот ревизор од став 1 на оваа одлука поднесува извештај за извршената ревизија, според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во Службен весник на РСМ што се ажурираат на годишна основа, заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ). |
| Член 3 |
| Се овластува Извршниот член на Одборот на директори да го потпише договорот со назначениот овластен ревизор од член 1 на оваа одлука. |
| Член 4 |
| Трошоците за извршување на ревизијата, вклучувајќи ги сите надоместоци и поврзани трошоци согласно склучениот договор, се на товар на Технокомерц АД Скопје. |
| Член 5 |
| Оваа одлука претставува составен дел на материјалите за работа и на записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 30.05.2025 година. |
| Член 6 |
| Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување. |

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**9. Се пристапи кон разгледување на деветата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за измена на Статутот на Технокомерц ДОО Косово.------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за измена на Статутот на Технокомерц ДОО Косово. Потоа се пристапи кон гласање.--------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:-------------------------------------------------------------------
- 16.902 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,
- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлука за измена на Статутот на Технокомерц ДОО Косово беше усвоена, односно--------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

| |
|---|
| Врз основа Стаутот - Основачкиот акт на Друштвото Технокомерц ДОО Косово, Собранието на акционери на Технокомерц АД Скопје, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната: |
| **ОДЛУКА за измена на статутот на Технокомерц ДОО Косово** |
| Член 1 |

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.503/25**

Собранието на акционери на Технокомерц АД Скопје, врз основа на Статутот – Основачкиот акт на Технокомерц ДОО Косово, донесува Одлука за измена и усогласување на Основачкиот акт на Технокомерц ДОО Косово, со цел усогласување со важечките законски прописи на Република Косово.

Член 2

Измените на Основачкиот акт ќе се однесуваат на организационите, управувачките и други релевантни одредби, со цел целосно усогласување со Законот за стопански друштва на Република Косово и другите применливи прописи.

Член 3

Врз основа на член 1 од оваа одлука, се овластува Извршниот член на Одборот на директори, Кирил Филиповски (број на пасош M0605735) или од него именуван полномошник, да го застапува Друштвото Технокомерц АД Скопје во својство на полномошник, со целосна овластеност да ги преземе сите неопходни правни, административни и организациски дејствија за спроведување на оваа одлука и запишување на измените во надлежните регистри во согласност со прописите на Република Косово.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел од записникот на седницата на Собранието на акционери одржана на ден 30.05.2025 година.

По исцрпување на точките од Дневниот ред, седницата на Собранието заврши со работата во 13:00 часот.------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека на Претседавачот на седницата на Собранието му го прочитав Записникот и го предупредив за правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на седницата на Собранието изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој Нотарски акт одговара во целост на вистинската состојба и дејствијата кои се случуваа на седницата.----------------

Потврдувам дека Претседавачот на седницата на Собранието лично го потпиша Записникот од Собранието.-------------------------------------------------------------------------------

Претседавач на Собранието, Бранко Зафиров --------------------------------------------------------

________________________________________с.р.-------------------------------------------------

Потврдувам дека овој Записник лично го составив на 13 страни, на 13 листа, во три еднакви примероци, од кои еден за трговскиот регистар што се води во Централниот Регистар на РСМ, еден за учесникот во постапката, а изворникот останува во архивата на нотарот.-------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса за заверка во износ од 500,00 денари е уплатена на Буџетска сметка на Р.С.Македонија.----------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда, согласно член 41 од НТ е пресметана во износ од 10.000,00 денари и материјален трошок во износ од 1.170,00 денари по член 52 од НТ.-------------------------------

Во Скопје, на 30.05.2025 година----------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**Методија Ристоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР МЕТОДИЈА РИСТОСКИ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
МЕТОДИЈА
РИСТОСКИ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
МЕТОДИЈА
РИСТОСКИ
СКОПЈЕ